**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-388**
**16.7.2018 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10, член 65 ставови 1 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 74, член 79, член 80 и член 81 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 1, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во врска со Писменото барање од заинтересирана страна, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи бр.03-91/1 од 09.03.2018 година (наш арх.бр.08-1134/1 од 09.03.2018 година) и Писменото барање од заинтересирана страна, Здружение Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5529/1 од 12.12.2017 година), Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, наш арх.бр.08-3206/1 од 10.07.2018 година и Заклучокот бр.02-3252/2 од 16.07.2018 година, на својата 30-та седница одржана на 16.07.2018 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво

1. Се објавува јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за христијанското население, на подрачјето на општина Струмица, на локално ниво, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 106.5 MHz.[1]

2. Дозволата ќе се додели за временски период од 9 (девет) години и не може да се пренесува на друго лице.

3. Кандидатите на конкурсот треба да ги исполнат минималните технички, просторни, финансиски и кадровски услови, утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14 и 76/15), кои се образложени и допрецизирани во Конкурсната документација.

4. Техничките карактеристики и параметри определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ согласно со Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18) и

[1] На радиофреквенцијата определена од страна на Агенцијата за електронски коминикации на РМ, постои можна појава на интерференции.

прописите донесени врз основа на него, се образложени и допрецизирани во Конкурсната документација и одобрението за користење радиофреквенција издадено од Агенцијата за електронски комуникации.

5. Доставените пријави на конкурсот, Агенцијата ќе ги оценува врз основа на следните критериуми, на следниот начин на бодирање:

| | | |
|---|---|---|
| **1. Предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) и продукција на македонски аудио дела** | | **17 бода** |
| • **предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production), во текот на неделата** | | |
| - до 50% од говорниот дел од програмата | 5 бода | |
| - над 50% од говорниот дел од програмата | 8 бода | |
| | | |
| • **застапеност на македонски аудио дела (изворно создадена програма), во текот на денот** | | |
| - од 50% до 60% од говорниот дел од програмата | 5 бода | |
| - над 60% од говорниот дел од програмата | 9 бода | |
| | | |
| **2. Квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините** | | **17 бода** |
| - 3 (три) видови програми од говорниот дел од програмата | 10 бода | |
| - над 3 (три) видови програми од говорниот дел од програмата | 17 бода | |
| | | |
| **3. Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура** | | **17 бода** |
| • **програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, емитувани на годишно ниво** | | |
| - до 15 часа во текот на годината | 5 бода | |
| - над 15 часа во текот на годината | 8 бода | |
| | | |
| • **емитувана инструментална музика од македонски автори, вокална и/или вокално-инструментална музика на јазикот/јазиците на кој/кои ќе се емитува говорниот дел од програмата, во текот на денот** | | |
| - од 40% до 60% од вкупно емитуваната музика | 5 бода | |
| - над 60% од вкупно емитуваната | 9 бода | |

| | | |
|---|---|---|
| музика | | |
| | | |
| **4. Застапеност на информации и содржини од значење за целната група од подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис, во текот на неделата** | | **7 бода** |
| - до 2 часа од говорниот дел од програмата | 4 бода | |
| - над 2 часа од говорниот дел од програмата | 7 бода | |
| | | |
| **5. Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 3 вработени, од кои 2 новинари)** | | **10 бода** |
| - **5.1. број на вработени** | | |
| - До 4 вработени | 3 бода | |
| - Над 4 вработени | 5 бода | |
| | | |
| - **5.2. структура на вработените** | | |
| - До 3 новинари | 3 бода | |
| - Над 3 новинари | 5 бода | |
| | | |
| **6. Технички услови за производство на програмите** | | **7 бода** |
| | | |
| **7. Понудено време на дневно емитувана програма** | | **7 бода** |
| - од 4 до 10 часа | 4 бода | |
| - над 10 часа | 7 бода | |
| | | |
| **8. Просторни услови за вршење на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **9. Понудени гаранции за финансиската способност за остварување на дејноста** | | **7 бода** |
| | | |
| **10. Понуден рок на започнување со вршење на дејноста** | | **4 бода** |
| - до 6 месеци од денот на издавање на дозволата | 4 бода | |
| - над 6 месеци од денот на издавање на дозволата | 2 бода | |
| | | |
| | **Вкупно** | **100 бода** |

6. За дозволата за радио емитување се плаќа годишен надоместок за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на доделувањето на дозволата, на сметка на Агенцијата за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси („Службен весник на Република Македонија", бр.172/14).

7. За користење на радиофреквенциите се плаќа годишен надоместок согласно со Законот за електронските комуникации и Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, на Агенцијата за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр.161/14).

Надоместокот за користење радиофреквенции се плаќа на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење радиофреквенции.

8. За определување на предавателната фреквенција, микролокација, максималната ефективна израчена моќност (ЕРП), насоченоста на антенскиот систем, како и за другите технички параметри што не се определени со оваа Одлука и со конкурсната документација, кандидатите се должни (по подигањето на документацијата од Агенцијата и добивањето потврда од Агенцијата за подигнатата документација) да се обратат во Агенцијата за електронски комуникации, каде ќе ги добијат деталните технички параметри, кои се составен дел на конкурсната документација и според кои ќе треба да се изработи техничкиот елаборат за предавателниот дел.

Пријавувањето на кандидатите во Агенцијата за електронски комуникации треба да биде со истиот назив како и во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

9. Кандидатите на Конкурсот поднесуваат пријави на посебен образец, чија форма и содржина ги пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Конкурсната документација и образецот - Пријава, можат да се подигнат во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

За документацијата се плаќа надоместок во износ од 60.000,00 (шеесетилјади) денари на жиро сметка: 300000000618023 на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје.

10. Пријавата се поднесува во затворен плик до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, со назнака „Пријава за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица".

Обрасците и прилозите кон Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, треба да бидат систематизирани по редослед и реден број на образец, односно Прилог кон Пријавата, при што кај секој прилог кон пријавата, на првата страна на десниот горен агол од листот да биде наведен соодветниот реден број (Пример бр. ___).

Пријавата, со придружната документација од член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се поднесува во 2 (два) примерока.

11. Пријавата може да се достави препорачано по пошта или со предавање во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

12. Пријавата се поднесува во рок од 90 (деведесет) дена.

Рокот за поднесување на пријавите тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на оваа Одлука во „Службен весник на Република Македонија".

Пријавите се поднесуваат во рокот определен со оваа Одлука на начин, форма и со содржина предвидена во Конкурсната документација.

Пријавите на кандидатите кои нема да го платат надоместокот за документацијата, кои ќе бидат поднесени по истекот на рокот определен со оваа Одлука, како и некомплетните и неуредно пополнетите пријави, нема да се разгледуваат.

Дополнителни информации, во врска со објавениот јавен конкурс, може да се добијат од следните лица:

- за програмскиот концепт: Огнен Неделковски тел: 02/3103-410; Рубин Талески тел: 02/3103-426;
- за сопственичката структура и кадровските услови: Катерина Доневска тел: 02/3103-422;
- за техничките и просторните услови: м-р Арѓенд Џелили тел: 02/3103-407;
- за финансиските услови: Горан Радуновиќ тел: 02/3103-433; Весна Симоновска тел: 02/3103-437; и
- за општи податоци и правни прашања: м-р Ивона Муфишева Алексовска тел: 02/3103-413; м-р Ана Богдановска тел: 02/3103-412.

13. Пријавите кои ќе бидат поднесени на овој јавен конкурс, ќе бидат јавно отворени, во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Палата „Панко Брашнаров", ул.„Македонија" бр.38, Скопје, една недела по истекот на рокот за поднесување на пријави, утврден во точка 12 на оваа одлука.

Информацијата за денот и часот на јавното отварање ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата: www.avmu.mk.

14. Одлуката за доделување на дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за христијанското население, на подрачјето на општина Струмица, на локално ниво, на македонски јазик, ќе биде донесена во рок од 30 (триесет) дена од денот на одржаното јавно отворање на пријавите, наведен во точка 13 на оваа одлука.

Кандидатите на конкурсот ќе бидат известени за одлуката за доделување на дозволата, во рок од 7 (седум) дена од денот на нејзиното донесување.

15. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, а влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## Образложение

На 09.03.2018 година, од страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, беше доставено Барање бр.03-91/1 (наш арх.бр.08-1134/1 од 09.03.2018 година) за добивање информации во однос на постапката за добивање дозвола за радио емитување, за државно или регионално ниво.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи достави допис – Барање (наш арх.бр.08-1134/2 од 19.03.2018 година), со кој меѓудругото ја извести заинтересираната страна дека во неколку наврати Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се има обратено до Агенцијата за електронски комуникации за слободни радиофреквенции за национално и регионално ниво – подрачјето на град Скопје, при што е известена дека слободни радиофреквенции нема. Воедно, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медумски услуги побара од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи да го доуреди своето барање, односно да го допрецизира регионот на кој би се емитувал програмскиот сервис, со цел да се утврди дали согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите има слободни радиофреквенции.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, со писмен допис бр.03-91/3 од 22.03.2018 година (наш арх.бр.08-1134/3 од 22.03.2018 година) побара од Агенцијата а аудио и аудиовизуелни медиумски услуги информација за тоа во кои региони, односно подрачја на територијата на Република Македонија евентуално има слободни радиофреквенции за емитување на радио програмски сервис.

По повод напред цитираниот допис, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обрати до Агенцијата за електронски комуникации со Барање информација за слободни радиофреквенции за емитување на радио програмски сервиси за сите подрачја во Република Македонија (наш арх.бр.08-1134/4 од 23.03.2018 година). Агенцијата за електронски комуникации, со Известување по барањето информација за слободни фреквенции на територија на Р.Македонија бр.0805-1216 од 26.03.2018 година (наш арх.бр.08-1134/6 од 26.03.2018 година), ги извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, дека потребно е да се прецизира точно за кој град постои најголем интерес, за да се извршат софтверски анализи и првични мерења во бараната област. Во врска со наведеното, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, со допис бр.03-91/8 од 10.04.2018 година (наш арх.бр.08-1134/7 од 11.04.2018 година) ја информираше Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека нивниот интерес е за градот Струмица.

Имајќи го предвид напреднаведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 11.04.2018 година, со писмен допис – Барање информација (наш арх.бр.08-1134/8) се обрати до Агенцијата за електронски комуникации, за да побара информација за можни слободни фреквенции за радио емитување на подрачјето на општина Струмица, со начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение, односно податоци за фреквенциите за емитување, локацијата на предавателот, како и јачината на истите.

Агенцијата за електронски комуникации, на 20.04.2018 година со допис бр.0805-1216/5 од 20.04.2018 година (наш арх.бр.08-1134/9 од 20.04.2018 година), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека „Врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за радиокомуникации и најновите мерења во регионот на град Струмица, во пограничниот регион се регистрирани голем број на радиоемисии од соседните држави со значително високо ниво. Доколку идниот корисник се согласува на евентуална појава на интерференции од соседните држави, може да се определат начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Струмица и тоа: Можни локации на предавател: Струмица споменик, Струмица баир, Струмица кале; Ефективна израчена моќност: 300 W; Фреквенција 106.5 MHz.

За наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја извести Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, со писмен допис – Известување со доставување (наш арх.бр.08-1134/10 од 24.04.2018 година), и побара од неа информација дали е согласна со отварање на радио на локално ниво на подрачјето на општина Струмица, со наведените услови односно со евентуалната појава на интерференции од соседните држави. До моментот на донесувањето на оваа Одлука, од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи не е добиен повратен одговор.

Претходно, односно на 12.12.2017 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше доставено Писмено барање од заинтересирана страна, Здружение

Радио Марија Македонија – Скопје (наш арх.бр.03-5529/1 од 12.12.2017 година), за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување за подрачјето на општина Струмица. Наведеното барање беше одбиено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Одлука УП1 бр.08-485 од 26.12.2017 година, со оглед дека тогаш согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на доставено Известување бр.0805-3296/2 од 20.12.2017 година (наш арх.бр.03-5528/3 од 20.12.2017 година), од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на општина Струмица.

Имајќи ги предвид добиените информации наведени во Известувањето во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за град Струмица бр.0805-1216/5 од 20.04.2018 година (наш арх.бр.08-1134/9 од 20.04.2018 година), доставено од страна на Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го извести Здружението Радио Марија Македонија - Скопје за истите, со допис – Известување со доставување (наш арх.бр.08-2103/1 од 24.04.2018 година), и му посочи дека доколку се согласни за отворање радио на локално ниво на подрачјето на општина Струмица со наведените услови, односно со евентуалната појава на интерференции од соседните држави, можат да поднесат писмено барање до Агенцијата, како заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Струмица.

На 16.05.2018 година, Здружението Радио Марија Македонија - Скопје со писмен допис (наш арх.бр.08-2103/2 од 16.05.2018 година) ја извести Агенцијата дека се заинтересирани за доделување на дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Струмица.

Во член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

Следствено на наведеното, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, наш арх.бр.08-3206/1 од 10.07.2018 година, која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 11.07.2018 година. Студијата се изработи за да се утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, притоа анализрајќи неколку важни аспекти, како што се програмската понуда на постојните радиостаници на ова подрачје, нивната слушаност во 2017 година, како и потенцијалната публика.

Наодите од Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, наш арх.бр.08-3206/1 од 10.07.2018 година покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа, за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, што детално може да се утврди од текстот на самата Студија.

Следствено на напред наведеното, а имајќи предвид дека согласно Планот за доделување и користење на радиофрекфенциите се утврди дека има слободни радиофрекфенции, по што беше изработена Студија со која се утврди дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица (наш арх.бр.08-3206/1 од 10.07.2018 година), врз основа на член 18 став 1 алинеја 1 и член 20 став 1 алинеја 10, член 65 ставови 1 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 69 ставови 1 и 4, член 70 ставови 1, 6, 9, 10, 11 и 12, член 71, член 74, член 79, член 80 и член 81 од истиот Закон, член

15 став 1 алинеја 1, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Заклучокот бр.02-3252/2 од 16.07.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 30-та седница, одржана на 16.07.2018 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, која влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организиациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Назначеното лице за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).